Ј.З.У. ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ
ул. 3-та Македонска бригада бр.18 Скопје, тел. 02/3298 667, факс 02/3298 251, www.cph.mk

ISO 9001
Q-1074

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА ПРИ ЦЕНТАРОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ

Одделението за социјална медицина при Центарот за јавно здравје (ЦЈЗ)-Скопје на територијата на Скопскиот регион, кој ги опфаќа 10-те општини на градот Скопје и уште 7 рурални општини, во текот на 2013 година, ги реализира следните програмски задачи и активности во *социјално-медицинската дејност со здравствена статистика и промоција на здравјето*, а во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје во РМ за 2013 година:

I. Во Одделението за социјална медицина при ЦЈЗ-Скопје од здравствените установи на територијата на Центарот се прибрани, контролирани (со логичка и математичка контрола), внесени на соодветни компјутерски програми, повторно контролирани и обработени збирни и индивидуални здравствено-статистички извештаи кои се однесуваат на *кадарот, обемот на извршената работа и утврдениот морбидитет и болнички морталитет*, во број прикажан подолу, специфицирано според дејноста и службите, во табеларен преглед.

Понатаму, заради давање на стручно-методолошка помош од областа на здравствената статистика и информатика, во текот на 2013 година континуирано се вршени теренски посети во здравствените установи на територијата на Центарот и непрекинато е спроведувана едукација во објектот на Центарот при прием на извештаите.

| **ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА КАДАР И ПОСЕТИ** | **Број на вкупно доставени збирни извештаи за кадар и посети од ЦЈЗ Скопје во ИЈЗ на РМ во тековната 2013 година** |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 590 |
| Извештај на специјалистичките служби образец (3-01s-60) | 396 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 12 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 285 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 351 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 99 |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза (образец 3-06-60) | 1 |
| Извештај на службата за кожно венерични болести (образец 3-07-60) | Оваа служба не е повеќе организирана во овој вид во ПЗЗ |

| | |
|---|---|
| Извештај на службата за рехабилитација (образец 3-08-60) | 18 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 531 |
| Извештај на службата за трансфузија (образец 3-10-60) | 4 |
| Извештај за здравствено просветување (образец 3-13-60) | 6 |
| Извештај за лаборатории (образец 3-14-60) | 126 |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба (образец 3-15-60) | 6 |
| Извештај на службата за поливалентна патронажа (образец 3-17-60) | 34 |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување (образец 3-21-60) | 240 |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството (образец 3-00-60) | 823/11652 |
| Извештај за несреќи на работа (образец ИПС) | |
| **ВКУПНО** | **3522** |

| **ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА УТВРДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА И СОСТОЈБИ** | **Број на вкупно доставени збирни извештаи за утврдени заболувања и состојби од ЦЈЗ-Скопје во ИЈЗ на РМ во тековната 2013 година** |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 590 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 12 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 285 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 351 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 99 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 531 |
| **ВКУПНО** | **1868** |

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА УТВРДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА И СОСТОЈБИ | Број на доставени збирни извештаи за утврдени заболувања и состојби од ЦЈЗ-Скопје во ИЈЗ на РМ со податоци за II полугодие за претходната година, 2012, во тековната година, 2013 |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 296 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 5 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 136 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 178 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 52 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 274 |
| **ВКУПНО** | **941** |

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА УТВРДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА И СОСТОЈБИ | Број на доставени збирни извештаи за утврдени заболувања и состојби од ЦЈЗ-Скопје во ИЈЗ на РМ со податоци за I полугодие за тековната 2013 година во тековната 2013 година |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 294 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 7 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 149 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 173 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 47 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 257 |
| **ВКУПНО** | **927** |

| Ред. бр. | ИНДИВИДУАЛНИ ЕВИДЕНЦИИ | Број на доставени индивидуални евиденции од ЦЈЗ-Скопје во ИЈЗ со податоци за тековната година (јануари-ноември 2013) во тековната 2013 година |
|---|---|---|
| 1 | Пријава на малигна неоплазма - обр.бр.3-35-86 | 4556 |
| 2 | Индивидуален извештај за шеќерна болест - обр.бр.МЗС - 02 | 4211 |
| 3 | Индивидулен извештај за исхемична болест на срцето - обр.бр.МЗС - 03 | 1469 |
| 4 | Инвидуален извештај за бубрежна инсуфициенција - обр. бр. МЗС - 04 | 651 |
| 5 | Индивидуален извештај за психози обр. бр. МЗС - 05 | 1333 |
| 6 | Индивидуален извештај за алкохолизам и други зависности - обр.бр.МЗС - 06 | 629 |
| 7 | Пријава на професионална болест и на лице заболено или оштетено од професионална болест обр.бр. МЗС 3-36-86 | 4 |
| 8 | Индивидуален извештај за ревматска трска обр. бр. МЗС - 08 | 6 |
| 9 | Индивидуален извештај за интоксикација обр.бр. МЗС - 09 | 171 |
| 10 | Индивидуален извештај за сообраќајна траума - обр.бр. МЗС-10 | 1920 |
| 11 | Пријава за несреќа на работа (обр.ЕТ-8) | |
| 12 | Извештај за стационарно лекувано лице | 118627 |
| 13 | Пријава за породување | 9722 |
| 14 | Пријава за абортус | 2108 |
| | **ВКУПНО** | **145407** |

| **Посети за стручно-методолошка помош и едукација од областа на здравствена статистика и информатика** | |
|---|---|
| *Теренски посети, увиди во здравствени установи* | *183* |
| *Помош и едукација во објектот на ЦЈЗ Скопје* | *580* |

**II. Изготвени, доставени во предвидениот рок во печатена форма до Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) на РМ и постирани на сајтот на ЦЈЗ-Скопје се следните материјали-**

**1.** Анализа за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи на територијата на ЦЈЗ-Скопје за 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 04/04/2013.

Анализата дава преглед на (1) мрежата на болници според видот на територијата на Скопскиот регион, (2) нивните кадровски и (3) сместувачки капацитети, (4) обемот на извршената работа во доменот на стационарната дејност и (5) ефикасноста во користењето, споредбено за 2010, 2011 и 2012 година, за сите болнички здравствени установи-вкупно, за сите болнички здравствени установи за акутно лекување-вкупно, и за сите болнички здравствени установи поодделно.

**2.** Информација за малигните неоплазми утврдени кај населението на Скопскиот регион во здравствените установи во 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 04/04/2013.

Нејзина цел е да даде приказ на заболеноста од малигни неоплазми кои се дијагностицирале кај населението на територијата на Скопскиот регион и кои се лекувале во здравствените установи во Скопје во 2012 година. Користени се следните основни извори на податоци:
Збирен извештај за утврдениот морбидитет во дејноста општа медицина (обр.бр.3-01-60-годишна обработка); Индивидуален извештај за стационарно лекувано лице (обр.бр.3-21-61А- годишна обработка); Пријава за малигна неоплазма (обр.бр. 3-35-85 ). Применет е методот на дескриптивна статистика. Податоците се прикажани табеларно и графички, а за приказ на состојбите се применети индекси на структура и динамика како и коефициенти на интензитет.

**3.** Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет на подрачјето на Скопскиот регион за 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 03/07/2013.

*Анализата има за цел да ги прикаже **заболеноста** и **смртноста** на населението на територијата која ја покрива Центарот за јавно здравје Скопје, **регистрирани во болничките здравствени установи** на истото подрачје, во текот на 2012 година и споредени со 2007 и 2010 година.*
*Податоците за болничкиот морбидитет и морталитет произлегуваат од индивидуалниот **Извештај за стационарно лекувано лице, Обр. Бр. 3 - 21 - 61 А**, кој редовно се пополнува во болничките здравствени установи за секој испишан.*
Податоците за болничкиот морбидитет на населението во Скопскиот регион се презентирани на општинско ниво, како единици на локалната самоуправа , НТЕС 4, а податоците за болничкиот морталитет се презентирани на регионално ниво, НТЕС 3, во согласност со важечката класификација НТЕС.
Обликот и содржината на табелите содржани во публикацијата овозможуваат детален аналитички приод во користењето на податоците од страна на здравствените работници и здравствените установи, државните органи и институции и единиците на локалната самоуправа.

**4.** Анализа на утврдениот морбидитет во амбулантно-поликлиничката дејност на територијата на ЦЈЗ-Скопје за 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 11/07/2013.

Цел на Анализата е да го прикаже морбидитетот утврден во ординациите на здравствената дејност на примарно ниво преку вкупниот број на регистрирани заболувања, состојби и повреди. Градот Скопје има добро разгранета и ефикасно организирана примарна здравствена заштита. Таа е достапна за близу 610 000 жители во 2012 година кои живеат на урбаното и руралното подрачје на Скопскиот регион. Користени статистички материјали се:

→ Збирен извештај за утврден морбидитет во дејноста општа
→ медицина (Обр. бр. 3-03-60) - годишна обработка;
→ Збирен извештај за утврден морбидитет во дејноста здравстена
→ заштита на деца (Обр. бр. 3-01-60) - годишна обработка;
→ Збирен извештај за утврден морбидитет во дејноста здравстена
→ заштита на училишни деца и младина (Обр. бр. 3-04-60) - годишна
→ обработка;
→ Збирен извештај за утврден морбидитет во дејноста здравстена
→ заштита на жени (Обр. бр. 3-05-60) - годишна обработка;
→ Збирен извештај за утврден морбидитетво дејноста заштита и
→ лекување на устата и забите (Обр. бр. 3-09-60) - годишна обработка.

Применет е дескриптивен и аналитички статистички метод на работа. Податоците се прикажани табеларно и графички со приказ на состојбите по дејности, општини и возрасни групи. Применети се показатели на структура споредбено со претходната 2011 година.

**5.** Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението од Скопскиот регион според одредени индикатори за 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 23/10/2013.

Анализата (1) дава оценка на развиеноста на здравствената мрежа на подрачјето на Центарот што подразбира мрежа на здравствени установи со организација здравствените служби, вработениот кадар, обемот на извршената работа и утврдениот морбидитет; (2) прави проценка на здравствената состојба на населението од Скопскиот регион и (3) предлага мерки за подобрување на здравјето на населението како и мерки за подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

**6.** Извештај за здравјето на населението од Скопскиот регион за 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 26/11/2013.

Користени материјали за изготвување на Извештајот се: индивидуални и збирни статистички извештаи кои се пропишани во Законот за евиденции од областа на здравството. Користени се и здравствено Ђ статистички информации од објавени публикации кои Одделението за социјална медицина ги изготвило во изминатиот период. Приказите на здравствената состојба дадени се по видови на здравствени дејности. Регистираниот морбидитет прибран е и обработен во 19 глави според Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни состојби - МКБ-10.

**7.** Информација за здравствената состојба на старите лица на подрачјето на Скопскиот регион во 2012 година; Подготвениот материјал е предаден во ИЈЗ на РМ на 20/11/2013.

Староста или третата доба се карактеризира со специфични обележја како што се намален физички потенцијал на организмот, присуство на бројни хронични дегенеративни и други заболувања за чие лекување се потребни многу финансиски средства и човечки ресурси - здравствени работници и соодветни установи. Информацијата дава податоци за (1) социјалната заштита на старите лица кај нас, (2) дава слика за регистрираната здравствена состојба и здравствена заштита на сите нивои во системот за здравствена заштита на територијата на Центарот и (3) пренесува факти и препораки за здраво стареење од Европа.

III. **Координирана здравствено-воспитна активност насочена кон целни групи на територијата на Центарот е реализирана преку работа на терен во предучилишни и училишни установи и домови за стари лица, како и во објектот на Центарот, во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.**

| ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА | Број на соодветни активности |
|---|---|
| *Одржани **предавања** во предучилишни установи, основни и средни училишта* | *758* |
| *Одржани **трибини** со јавноздравствена проблематика од интерес за подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје* | *17* |
| *Број на отпечатени и поделени брошури/флаери* | *5606* |
| *Изготвени нови брошури и флаери* | 2+4 |

| **Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје**: | |
|---|---|
| *(1) Број на советувани млади луѓе за сексуално и репродуктивно здравје* | *213* |
| *(2) Поделени кондоми ВО СОВЕТУВАЛИШТЕТО* | *970* |

Во согласност со Националната годишна програма одбележани се следниве светски денови или недели, некои од нив во координација со ИЈЗ на РМ и Министерството за здравство.

| **Одбележани светски денови во врска со здравјето:** | |
|---|---|
| *Одбележан* - ***Светскиот ден за борба против ТБЦ*** - | *одржани 2 трибини во Сарај и Чаир;поделени се 55 флаери, 20 брошури и 10 ЦД-а* |
| *Одбележан* - ***Светскиот ден против пушењето*** - | *одржана 1 трибина ; поставен преземен материјал од СЗО на вебсајтот на Центарот* |
| *Одбележан* - ***Светскиот ден на срцето*** - | *поставен преземен материјал од Светската федерација за срце на вебсајтот на Центарот 1* |
| *Одбележан* - ***Светскиот ден на БОРБА ПРОТИВ СИДА*** - | *постиран информативен материјал на сајтот на Центарот и одржани 2 трибини* |